*Иван МИКУЛЧИЌ*

# ЕДНА НОВА ОСТАВА НА ТЕТРАДРАХМИ И ПРЕГЛЕД НА МОНЕТНИТЕ НАОДИ ОД V — II ВЕК НА СТ. Е. ВО МАКЕДОНИЈА

Јужниот дел на Пелагонија, античката Линкестида, е еден од ретките наши краишта чијашто културна и политичка историја можат да се следат уште од мугрите на антиката кај нас. Најзначајно линкестиско наоѓалиште од предримскиот период лежи во средиштето на Линк, кај селото Букри, 15 km југоисточно од Битола[1]).

Кон наодите од Букри, што се познати од порано, се приклучува и една мала остава на македонски сребрени пари, која е откриена уште во 1962 година, на околу 2 km северно од спомenатата античка населба, а јужно од селото Д. Егри. Парите беа скриени во мало глинено сатче, слободно вкопано в земја. Во ораницата од каде наодот беше исфрлен со плуг, не можев да констатирам никакви други археолошки траги.

Садот има форма на топчесто лонче со една рачка, грубо моделиран и сиво печен (висок 64 mm). Во него можеле да се сместат дваесетина тетрадрахми. Според искажувањата на селаните кои го нашле ова депо, толку пари и имало.

За збирката на Битолскиот музеј успеав тогаш да соберам само 10 тетрадрахми и 2 драхми[2]). Парите од овој наод им припаѓале на следните владетели и градови:

---

[1]) И. Микулчић, Пелагонија у светлости археолошких налаза, I — од Егејских миграција до времена Августа, (ed. Dissertationes iugosl., III), Београд 1966, 27 и н.. Во последните двеипол децении изменет е изгледот на овој крај: Блатото е исушено, Букри раселено; големиот лак на Црна што ги подриваше падините на античкиот локалитет, со прокопувањето на новото корито е претворен во езерце — рибарник.

[2]) Нар. музеј Битола, в. к. 5738—5750. Од музејската витрина подоцна беа украдени три парчиња тука прикажани под ред. бр. 5, 8 и 9, за кои не располагам со сите податоци.

## Александар III (336—323)

1. AR ↓ 16,8 gr., 27 mm. Av: глава на Херакле со наметната лавовска кожа. Rs: Зевс аетофорос на престол, држи скиптар во левата и орел во испружената десна рака. Лево во полето Атина Промахос. Околу во круг: ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ ΒΑΣΙΛΕΩΣ

   Ковница Амфиполис, околу 326 г. ст. е. Sylloge[3]), Pl. 16,680; — Прилепец, Т. I, 4.

2. AR ↙ 16,5 gr., 27 mm. Av: ист. — Rs: ист; л. во полето фригиска капа. Околу во круг: ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ. Амфиполис, околу 324—323 г. Sylloge, Pl. 16,683; — Прилепец, Т. I, 6.

3. AR← 16,5 gr., 26 mm. Av: ист. —Rs: ист; л. во полето алпустра. Под престолот монограм. Д. исправен: ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ. Амфи полис, околу 318—308 г. Sylloge, Pl, 16,689; — Прилепец, Т., I, 10—12.

4. AR ↖ 17 gr., 26 mm. Av: ист. — Rs: ист; л. во полето усправен факел зад легнатиот штит, над нив буквата λ. Под престолот осумкрака ѕвезда; д. исправено: ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ. Уранополис, околу 300 г. и подоцна. Sylloge, Pl. 17,698; — Прилепец, Т. 2, 17, 18.

5. AR ↖ 29 mm. Av: ист. — Rs: ист; л. во полето монограм во венецот; под престолот буквите ΜΙ. Долу и д.: ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ ΒΑΣΙΛΕΩΣ. Вавилон, околу 317 и подоцна. Sylloge, Pl. 22,833; — Прилепец, Т. 4 и 5, 46—50.

6. AR ↗ 3,8 gr., 18 x 16 mm. Av: ист; — Rs: ист; во полето лево монограм. Д. исправено: ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ. Драхма. Непозната ковница. Н. Мушмов. Ант. монети на Балкан. Полуостров, Софија 1912, бр. 7140.

## Филип III Аридеј (323—316)

7. AR ↖ 4 gr., 18 mm. Av: ист. — Rs: ист; л. во полето исправена гламја зад положениот штит. Д. исправено: ΦΙΛΙΠΠΟΥ. Драхма. Мушмов, бр. 7259, Т. LVIII, 4.

## Лизимах (323—281)

8. AR ↓ 16,9 gr., 29 mm. Av: глава на Александар на д., со Амонов рог. Rs: Атина Никефорос седи, со л. лакт потпрена на штит, во испружената д. рака ја држи Нике. Л. во полето монограм. Исправено л. и д.: ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΛΥΣΙΜΑΧΟΥ.

---

3) За аналогии го наведувам познатиот каталог Sylloge numorum graecorum, Macedonia, The royal coll. of coins and medals, D. N. M., Copenhagen 1943 (скратено: Sylloge), како и каталог на големиот наод од Прилепец — в. Д. Вучковић—Тодоровић, Остава грчког новца из с. Прилепец код Прилепа, Гласник МКД на НРМ, бр. 12, Скопје 1958 (скратено: Прилепец).

9. AR ↖ 29 mm. Av: ист. — Rs: ист; л. во полето исправен факел. Ист натпис. Тетрадрахма (украдена).

10. AR ↑ 28 mm. Av: ист. — Rs: ист; л. во полето монограм во венецот. Ист натпис. Тетрадрахма (украдена).

**Селеук I Никатор (312—280)**

11. AR ↑ 17 gr., 27 mm. Av: глава на Херакле на д., со наметната лавовска кожа. — Rs: Зевс аетофорос на престол. Л. во полето монограм, под престолот монограм во кругот. Д. исправено: ΣΕΛΕΥΚΟΥ. P. Gardner, BMC, The Seleucid Kings of Syria, London 1936, 5.

**Атина** (времето на Александар III и неговите наследници).

12. AR ↙ 16,8 gr., 24 x 21 mm. Av: глава на Атина на д. — Rs: ΑΘΕ. Кукумјавка (сова) на гранка, зад неа сегмент од месечината и маслинова гранка. Svoronos, Trésor des monnaies d'Athènes, München 1926, Pl. 20; — Прилепец, Т. 16—17, 189—201.

Во големата остава на тетрадрахми, откриена кај Прилепец во 1950 година, беа застапени истите владетели (137 пари од Александар III, 10 на Филип III, 15 на Деметри I, 19 на Лизимах, 6 на Селеук I, 1 на Аудолеонт и 20 атички). Горната временска граница е 280 г. ст. е. Тоа е случајот и со нашата, а и третата остава од територијата на СР Македонија — од Богданци кај Гевгелија[4]). Сите тие биле закопани во исто време, најверојатно за големата галска провала во 280/279 г. ст. е. Тешките години по оваа катастрофа — постојани дардански провали во Пелагонија и Пеонија, речиси целосно замирање на стопанството во овие краишта и општата несигурност, се карактеристики на следните децении од III век[5]). Тогаш не е тешко да се најдат причините за загубување на овие скриени богатства.

*

* *

На овие наоди се надоврзува уште едно прашање: бројноста на наодите на пари од предримско време на нашето тло и распоредот на тие наоди на теренот. Значи, картирање на наодите.

Нема потреба посебно да ги истакнувам можностите што произлегуваат од едно вакво картирање — согледување на почетоците на паричниот систем во економиката на едно подрачје, степенот на развиток (културен, економски, политички) на односниот регион и него-

[4]) Оваа остава од 24 парчиња (тетрадрахми и драхми: Александар III, Филип III, Лизимах, Деметриј I, Атина) собрана за Н. музеј во Т. Велес од страна на досегашниот директор Т. Груев, на кого му благодарам за сите овие податоци.

[5]) И. Микулчиќ, op. cit., 74, 85.

виот стопански потенцијал, трговските патишта и економските врски, политичките настани и сл. Македонија во класичниот и ранохеленистичкиот период имала посебно место во снабдувањето со пари на нејзините северни соседи и пресудна улога во изградувањето на сопствените парични економики кај северните соседи; овој нов потенцијал се ширел на север преку среднобалканските пространства до Средното Подунавје и се одржал таму до времето на нивното вклопување во римскиот паричен систем.

Тоа се одамна изнесени констатации, често повторувани во светот на нумизматиката. Поради тоа ќе биде значајно да се споредат очекуваните фиктивни претстави за нумизматичкото богатство на ова подрачје со една конкретна нумизматичка карта што денес може да се состави.

Досега имало неколку обиди да се почне со евидентирањето на наодите на антички монети од ова подрачје. Во Археолошката карта на Југославија започната пред II светска војна, во листовите Прилеп—Битола и Кавадарци,[6]) Н. Вулиќ регистрирал и повеќе десетици наоди на пари; всушност сè она што успеал да дознае. Од предримскиот период наведува 11 наоѓалишта со идентификувани монети и уште толку со неопределена сигнатура „грчки пари". П. Лисичар, кој се обидел во еден збиен приказ да ја опфати раната антика во СР Македонија[7]), не пропуштил да ги потенцира и сите позначајни повоени археолошки наоди и сите нови наоди на грчки и македонски пари (до 1954 г.); регистрирани се 8 наоѓалишта.

Во поново време В. Соколовска опфатила група монети од македонски-грчки ковници од V век на ст. е. до I век на н. е., што се собрани во скопскиот Археолошки музеј[8]). Оваа институција, макар што е централна по карактерот на збирките и со аспирации да го покрива и контролира теренот на целата Република, според содржината на монети од овој период не е на завидно ниво. Главнината во него се парите од оставата во Прилепец, а остатокот — единечни наоди (собрани претежно пред војната) кои се изложени во приказот на Соколовска, ја претставуваат во најголем дел состојбата на наодите до 1966 година. За жал, од 106 монети што се опфатени во тој приказ, авторот навел наоѓалишта само за 14 парчиња. Остатокот е неупотреблив за картата и може да послужи само како увид во општиот состав на кововите од тој период во рамките на СР Македонија.

Во историјата на античка Пелагонија, одразена во светлина на археолошките наоди, се обидов да го прикажам и движењето на моне-

[6]) N. Vulić, Archäol. Karte Jugoslawiens, Blatt Prilep—Bitolj, Beograd 1937; Blatt Kavadarci, Bgd. 1938.

[7]) П. Лисичар, Нашата македонска антика, Разгледи, год. IV, бр. 7—8, Скопје, 1954, 583—612.

[8]) В. Соколовска, Од нумизм. збирка на Археол. музеј во Скопје, Зборник на А. м. кн. IV—V, Скопје 1966, 23—32, Т. I—VI.

тите во тој регион до доцноархајскиот до римскиот период[9]). Фондот на пари во Битолскиот музеј е најобемен по збирката во скопскиот Археол. музеј, а според комплетноста на податоците за овие наоди е дури и пред скопскиот. Преку овие наоди и богатиот фонд во Прилепскиот музеј[10]), Пелагонија е најцелосно претставена, далеку пред другите области во Републиката. Од друга страна, широките пространства источно од Вардар (Источна Пеонија и соседните тракиски области) дале досега сосем мал број наоди; ова го потврдуваат и збирките на регионалните музеи во Штип, Струмица, Куманово. Истото важи и за речиси цела Илирида, со исклучок на потесниот регион околу Охрид, античкиот Лихнид.

Временскиот распон од појавата на првите монети во нашите краеви, па до навлегувањето на римските републикански денари, значи времето од околу 500 до 148 г. ст. е., може да се подели на три изразити етапи. Тоа би биле:

1. — Малубројни единечни наоди, речиси исклучиво од сребро, до масовната употреба на македонските пари од времето на Филип II.

2. — Монети на македонски династи кои, почнувајќи од Филип II, стануваат редовно платежно средство во Пелагонија, Амфакситис и деловите од Пеонија и Дасаретија. Ова се однесува особено на бронзените пари, значи ситни вредности што циркулирале во секојдневниот живот. За разлика од овие, среброто се појавува сè уште во групни наоди и во тогашните најбогати населби и претставува мртви резерви, гаранција на богатството на врвните аристократски семејства.

3. — Парите од времето на Филип V до претворањето на Македонија во римска провинција претставуваат веќе една нова етапа која по својата содржина и новите моменти треба да се разгледува издвоено.

Ф. Папазоглу, зборувајќи неодамна за појавата и движењето на сребрените пари во Дарданија (а тука е опфатен и Скопско-кумановскиот басен), разликува, исто така, три етапи, само временски поместени наназад во однос на нашето подрачје. Според неа, во текот на IV век таму се во употреба парите од групата Дамастион; среброто на македонските и пеонските династи (од IV век) се користи во III век; како трета етапа, во II век, ја истакнува хегемонијата на тасоското сребро, проследено со ковoвите на I македонска мерида и пробивот на парите од Аполонија и Дирахион[11]).

Во врска со ова треба да го истакнам следното: првите две етапи на Ф. Папазоглу би можеле временски да се стопат во една. За нивното рашчленување мислам дека немаме оправдување. Да потсетам

---

[9]) И. Микулчиќ, op. cit., 44, 64—65, 81—83.

[10]) За податоците на наоди, собрани во Н. музеј во Прилеп, му благодарам на Б. Бабиќ, директор на оваа институција.

[11]) Ф. Папазоглу, Средњебалканска племена у предримско доба, Сарајево 1969, 356.

дека бронзите на Касандар, откриени кај Кршевица во долината на Ј. Морава, пристигнале толку далеку на север набргу по нивното емитување; оваа остава била скриена под земја не по пробивот на Галите[12]). Верувам дека е неоправдано тогаш среброто, кое пробивало на север секако порано од бронзата, да се датира со задоцнување од повеќе децении или со еден цел век. Покрај тоа, македонското и пеонското сребро е во Дарданија речиси непознато; за кои наоди всушност би се работело? Дали не се мисли дека групата Дамастион-Пелагити токму него го заменувала на територијата на Дарданците? Да се потсетиме на уште нешто: временски најрана би била секако познатата остава од Кутина кај Лесковац. Во неа е најзастапена дамастинската група VI според Мај (365—340 г.), макар што содржи и подоцнежни групи[13]). Меѓутоа, ова сребро како и оние неколку примероци на Александар III и Филип III во музејот во Лесковац — дали не им припаѓале на Трибалите? Освојувањето на долината на Ј. Морава од страна на Дарданците сепак не би паѓало пред почетокот на III век[14]). А горното би се однесувало и за монетните наоди во Скопско-кумановскиот басен до крајот на IV век или макар до смртта на Александар.

Освен ова, во дарданските наоди покрај Дамастион речиси редовно се појавуваат и пелагитските ковови. I и II класа на овие се ковани во периодот од околу 325/320 до 300 г. ст. е.; III пелагитска класа, која е и најчеста, емитувана е приближно од 300 до 280 г. ст. е.[15]). Ова доволно зборува за датирањето на спомнатите наоди.

*

* *

Хронолошкиот преглед на наодите на подрачјето на СР Македонија го разделив во рамките на трите спомнати етапи.

I етапа. Доцноархајски бран на трако-македонската група, емитуван од голем број градови во халкидичкиот регион и соседните трако-пеонски племиња, регистриран е на неколку наши наоѓалишта. Раните златници на Лајаи[16]) и една помала остава на фамозни

[12]) И. Микулчиќ—М. Јовановић, Хеленистички oppidum у Кршевици код Врања, Гласник књ. IV, Врање 1968, 356, Т. I, сл. 4. Истакнувам уште еднаш за целосното отсуствување на хеленистичкиот материјал во населбата и гробовите; животот тука изгаснал уште во раниот III век.

[13]) J. May, The coinage of Damastion and the lesser coinages of the illyro-paeonian region, Oxford—London 1939, praeface IX.

[14]) уп. нап. 13; континуитетот на животот на овој богат опидум со тракиско-трибалски обележја и хегемонијата негова во потегот на Ј. Морава до во раниот III век се многу маркантни, за разлика од подоцнежните дардански упоришта што избиваат во прв план истовремено кога првиот опидум бил уништен; уп. и н. д., 371.

[15]) J. May, op. cit., 179.

[16]) G. Svoronos, L'Hellénisme primitif de la Macédoine, — според P. Lisičar, op. cit., 590.

октодрахми на Дероните (500—480)[17]), ископани се во почетокот на овој век во околината на Штип. Во Караорман кај Штип, во еден доцно-архајски гроб е најден (во 1959 г.) триобол на градот Акант (510—480)[18]). Еден таков примерок е откриен дури на Косово[19]). Архајска тетрадрахма од Тасос (550—480) најдена е во околината на Берово[20]).

Во Пелагонија, во регионот на Прилепец—Прилеп, регистрирана е една драхма на Неапол[21]), тетрадрахми на Атина-архајскиот стил и Келендерис од далечната Киликија (Микулчиќ, Пелагонија, 64; збирка на Ѓ. Мирчевски и во А.М. — Скопје).

Во текот на V и IV век Пелагонија добива изразит примат. Од југоисток наставува истиот бран: тетрадрахма на Менде (450—424) е најдена во околината на Прилеп (Прилепец? А.м. Скопје, в. к. 1153). Бројни бронзени примероци на Амфиполис (424—358) во Бучин (античка Алкомена), Чепигово (ант. Стибера), Мојно[22]), околината на Охрид[23]); на некрополата во Просек—Демир Капија (повеќе наоди)[24]) и во светилиштето, 3 km северно од оваа (20-ина парчиња)[25]); уште 8 примероци од непознати локалитети (Соколовска, Т. III—IV, бр. 57—64). Еден тетраобол на Родос најден е неодамна во Куманово[26]). Една бронза на Филипи (с. 375 г.) во Чепигово (Вучковиќ, Стибера, 89); еден Скирос во Граиште—античкиот Брианион (Пелагонија, 64).

Од вториот правец, од грчкото копно, парите доаѓаат поретко. Статерите на Коринт (414—382) се евидентирани во Граиште и Драгарино (Музеј Битола, 3951, 4777) и на еден непознат локалитет околу Битола. Тесалската Лариса (395—344) е потврдена во Граиште, Беранци, Бистрица, Чепигово (Пелагонија, 64) и околината на Охрид (Лисичар, 591 и нап. 19; Музеј Охрид).

Сè уште е загонетно присуството на далечната Сиракуза: по една тетрадрахма потекнува од Чепигово (Вулиќ, Blatt, 10) и околината

---

[17]) H. Gäbler, Fälschungen makedonischer Münzen, III. Sitzung der Preuss. Akademie der Wissenschaften, Berlin 1936, 426 ff; — S. Noe, A Bibliography of Greek Coins Hoards, N. N. M. № 78, New York 1937, № 495; — C. M. Kraay, Hoards, small change and the origin of coinage, JHS vol. LXXXIV, Athens 1964, 82.

[18]) И. Микулчић, Илирско-архајски гробови из ок. Штипа, Старинар XIII—XIV, Београд 1963, 201, сл. 14.

[19]) И. Микулчић, Пелагонија, 44.

[20]) Н. Мушмов, бр. 5643; Во поч. на 1969 г. понуден на скопскиот Археол. музеј (заедно со тетрадрахма на Архелај).

[21]) Н. Мушмов, бр. 6398; Музеј Прилеп.

[22]) За сите наоди: Микулчић, Пелагонија, 64, и Д. Вучковић, Styberra, Archeologia iugoslavica IV, Београд 1963, 89 (Чепигово).

[23]) П. Лисичар, op. cit., 591, нап. 91; стара аквизиција на Охридскиот музеј.

[24]) Ископувања 1950—52 и 1954 г.; наодите во А. м. Скопје, необјавени.

[25]) Група од 181 бронза од IV—I век ст. е., собрана во светилиштето на Артемис—Хеката 3 km северно од Просек. Случајно откриено и уништено во 1961 г., наодите во А. м. Скопје; уп. Микулчиќ, Непознат ант. град кај Мојно, Год. зборник на Фил. фак. кн. 22, Скопје 1970, 331.

[26]) Ископан во бавчите на источната периферија на Куманово, понуден на А. м. Скопје во 1967 г.; прив. збирка.

на Струга (Лисичар, 588; стара аквизиција на Охрид. музеј). Во Битолскиот музеј постои еден фалсификат (вк. 3442), покрај сличните квалитетни современи имитации — тетрадрахми на Олинт (420—348) и Амфиполис (424—358; в. к. 3975, 3974).

Сега се појавуваат и првите примероци на македонски владетели: од околината на Берово доаѓа тетрадрахма на Архелај (413—399; в. нап. 20); тетрадрахми на Аминтас III (389—383 г., првиот период) се откриени во Бонче (Вулиќ, 21), околината на Битола (М. Битола, 3972, 3976 — купени во чаршијата, можеби фалсификати) и едно непознато наоѓалиште (А.м. Скопје, 3506). Пердикас III (365/4—359 г.) е застапен со две ситни вредности — во Српци—Беранци и Бистрица (Пелагонија, 64, 65; М. Битола, 5766).

II етапа. Прво ќе дадам преглед на сребрените (и неколку златни) наоди, според владетелите.

— *Филип* II (359—336). Дасаретија: тетрадрахма од ок. на Струга (Лисичар, 588). Пелагонија: тетрадрахми од Волково (Вулиќ, 50), Прилепец (А.м. Скопје, 2176 и во М. Прилеп), две од М. Варош—Прилеп (А.м. Скопје 1277), две парчиња од непознато место во А.м. Скопје (Соколовска, Т. II, 39, 40; 1213 е можеби спомнатиот предвоен наод од Волково?), една од Мојно (М. Битола, 5695). Златни статери потекнуват од Селце (Вулиќ, 41) и Загорани (М. Прилеп).

— *Александар* III. Дасаретија: ок. на Охрид (Лисичар, 591, нап, 19). Пелагонија: златен статер од Суводол (Вулиќ, 43; гробен наод?) и од непознат лок. (Соколовска, Т. III, 46; 1393 е можеби идентичен со овој?). Тетрадрахми се најдени во Бонче, Марул, Селце (Вулиќ, 21, 30, 41) и повеќе парчиња во Прилепец (стара збирка на Ѓ. Мирчевски и во М. Прилеп); драхма од Прилепец (Соколовска, Т. III, 56), и 2 од Чепигово (Вучковиќ, Стибера, 89). Трите тетрадрахми и трите драхми од непознато потекло во А.м. Скопје (Соколовска, Т. III, 46, 48, 50, 52, 53, 55) се можеби идентични со спомнатите наоди од Бонче, Марул, Чепигово, Волково или од Дреново. Од ок. на Битола откупени се за Битолскиот музеј 5 тетрадрахми (1057, 1248, 1250, 3973, 3995) и неодамна една од Меџитлија. Една драхма од Г. Илино во Демир Хисар (понудена на А.м. Скопје во 1967 г.). Пеонија: златен статер од ок. на Гевгелија (Соколовска, Т. III, 45); сребрени наоди од Демир Капија, Дреново (Вулиќ, 8, 10), Кавадарци (Соколовска, Т. III, 47). Наоди во северните краеви: златен статер од Скупи кај Скопје[27]), 1 драхма од Таор кај Скопје (А.м. Скопје 1297) и по 2 од и ок. на Куманово (приватни збирки, Куманово, 1968—70 г.) Кратово (Соколовска, Т. III, 51, 54).

— *Филип* III *Аридеј*. Златен статер од Д. Нерези—Скопје (А.м. Скопје 4197; гробен наод?) и еден таков од непознат лок. (Сококоловска, Т. IV, 68).

---

[27]) За податоците ѝ благодарам на Б. Јосифовска од Филоз. фак., Скопје, наод од пред две децении; приватен посед.

— *Лизимах*. По една тетрадрахма од ок. на Струга (Лисичар, 588), Прилеп (А.м. Скопје, 1155; кај Соколовска бр. 91, без наоѓалиштето) и ок. на Куманово. Во Прилепскиот музеј се наоѓа примерок, покрај повеќе парчиња на Александар III, како дел од големата остава во Прилепец.

— *Селеук* I. Две тетрадрахми од ок. на Струга (Музеј Струга и една во приватен посед во Струга, 1968/9 г.); ок. на Охрид (Лисичар, 591, нап. 19 — Музеј Охрид).

Од останатите сребрени наоди, регистрирани се следните:

— Хефестија на Лемнос (околу 300 г.) од непознат лок. (Соколовска, Т. V, 87).

— Пеонски династи: тетрадрахма на Ликпеј (359—340) од непознат лок. (Соколовска, Т. IV, 83); исти вредности на Патрај (340—315) од Голозинци и Г. Чичево кај Т. Велес[28]), и една драхма од Демир Капија (во А.м. Скопје). Аудолеонт (315—286) е подобро застапен: по една тетрадрахма од ок. на Штип (Музеј Штип, 1952—55) и Куманово[29]), од Овчеполе (Скопска чаршија, 1969—70), Кратово (Соколовска, Т. V, 84), Бонче во Пелагонија (Вулиќ, 21), Голозинци кај Т. Велес (Музеј Т. Велес); по една драхма од Скупи—Скопје (Соколовска, Т. V, 85) и ок. на Охрид (стара аквизиција, Музеј Охрид).

Од дамастионската група регистрирани се само 3 наоди: тетрадрахма на Дамастион (с. 360—340) од ок. на Прилеп (Музеј Прилеп), драхма на Сарноати (325—320) од ок. на Скопје[30]), драхма на Пелагити (I класа, с. 320—300) од ок. на Скопје[31]).

Бронзените пари од ова време се многу почести. Следува преглед по области.

— Дасаретија: Дабовјани (Александар III — 20 парчиња); Делагожде (Александар III); Требенишко Кале (Александар III и Касандар; гробни наоди; за сè — Лисичар, 587, 588); Охрид („Горна Порта—Кале" — Деметриј I); ок. на Охрид (Александар III, Антигон Гонат; Лисичар, 590, 591).

— Пелагонија: потврдени се на 34 локалитети. Ќе се движиме од југ кон север: Живојно (лок. „Градиште": Филип II, Александар II, Касандар, Ант. Гонат; лок. „Река": Филип II; лок. „Трапо": Александар III); Ѓермиан (Филип II, Касандар); Граешница (Филип II, Касандар); Чебрен (Ант. Гонат); Рапеш (Александар IV); Полог (Деметри I, Кипсела); Градешница (Филип II); Мојно (Касандар); Дра-

---

[28]) Н. музеј, Т. Велес, стара аквизиција. За сите наоди, собрани во овој музеј, му благодарам на Т. Груев, раководител на музејот и теренски истражувач.

[29]) За податоците му благодарам на В. Санев, директор на Н. музеј во Штип каде се чува овој наод.

[30]) J. May, op. cit., 178, 180, Pl. X, 9.

[31]) Ibid., 169, Pl. IX, E.

гарино (Деметри II); Лопатица (Филип II); Беранци („Градиште“: Филип II, Александар III, Филип III, Касандар, Ант. Гонат, Деметри II; во гробовите на „Црквиште“: Филип II, Ал. III, Ант. Гонат); Г. Српци (Александар III, Касандар, Ант. Гонат, Деметри II); Граиште (Филип II, Ал. III, Филип III, Касандар, Александар IV, Деметри I, Ант. Гонат, Гиртонија, Лариса); Г. Илино (Касандар); Бучин (Филип II, Ал. III, Деметри II); Чепигово (Филип II, Ал. III, Касандар, Ант. Гонат, Деметри II; за сите овие наоди уп.: Пелагонија, 64, 65; околу 150 парчиња од IV—III век се собрани во збирките на А.м. Скопје и Музејот Битола). — Бонче (Александар III, Касандар); Прилепец (Филип II, Ал. III, Касандар и др.); Волково (Филип II, Александар IV, Ант. Гонат; во збирката на Г. Мирчевски, А. м. Скопје и М. Прилеп); Маркова Варош—Прилеп (Филип II; А. м. Ск. 1226); гробови на „Заград“ (Александар III; Б. Китаноски, Арх. преглед 11/1969, 72); неидентификувани монети од IV—II век од повеќе локалитети околу Прилеп (Бела Црква, Бело Поле, Фариш, Чумово, Марул, Никодим, Ореовец, Подмол, Попадија, Штавица; предвоените наоди евидентирани од Вулиќ, поновите во М. Прилеп). Наспомнувам дека од подрачјето на Пелагонија потекнуваат околу 350 бронзи од IV—II век ст. е., собрани во музеите во Битола, Прилеп и Скопје. Сите тие не успеав целосно да ги категоризирам. Покрај тоа, меѓу горните наоди, што ги приведов, често зад еден владетел стојат повеќе примероци. На ова место ќе го изоставам бројниот преглед на бронзите; истакнати се само кововите заради согледувањето на внатрешниот репертоар во дадената епоха и почетоците на нивното користење.

Во Пеонија бронзите од ова време се неспоредливо поретки: Марвинци (Александар III, Касандар; делумно во А. м. Скопје); Демир Капија (Филип II, Ал. III, Касандар, Деметриј II, Ант. Гонат; А.м. Ск. — уп. нап. 24); Стоби (Филип II); Банско кај Струмица (над 20 бронзи на Филип II, Ал. III, Касандар, Ант. Гонат)[32]); Мрзен—Ореовец (Филип II, Касандар; А.м. Скопје); ок. на Т. Велес (Касандар; Музеј Т. Велес, 1439, 2044). И во Градскиот музеј во Скопје од порано се прибрани 2 парчиња на Филип II, од околината на Скопје. Во А.м. Скопје се чуваат повеќе стари аквизиции без местата на наодот (Соколовска, бр. 43, 44, 57—64, 69—77).

III етапа. По галската провала не е евидентиран ниту еден сребрен наод во временскиот интервал од цел еден век. Дури во текот на првата половина од II век среброто повторно кружи во овие краеви. Овој нов бран е маркантен поради својот интензитет, но сепак заостанува далеку зад претходниот. И составот е сега поинаков: македонските владетели се речиси непознати, а доминира Атина, Дирахион.

[32]) Во 1966/67 година кога е каптиран големиот термален извор, беа исфрлени со калта и различни дарови, фрлани во антика во изворот: накит, една вотивна плоча на Артемис и над 500 парчиња бронзени пари (со исклучок од 2 сребрени); тие опфаќаат временски распон од времето на Филип II непрекинато до Константин I. 120 парчиња се откупени за А. м. Скопје, остатокот во Н. музеј, Струмица и прив. збирка.

Тасоските тетрадрахми со кои буквално е преплавена соседната Тракија, на северномакедонското подрачје одвај се пробиле. Истото важи и за убавите ковови на I македонска мерида.

Од македонските владетели Филип V е застапен само со една тетрадрахма од непознат локалитет (Соколовска, Т. IV, 78) и Персеј со една таква пара од околината на Куманово. Персеј во Битолскиот музеј (3971) е груб фалсификат.

Маркантните атички тетрадрахми од новиот стил (186—86) се почести. Во Пелагонија се евидентирани во Прилепец повеќе парчиња (збирка на Г. Мирчевски), по една од Бучин и Чепигово, 4 од Дебреште (Пелагонија, 79; Б. Бабиќ, Археол. преглед 7/1965, 63); една од Прилеп (лок. „Дабнички завој", Музеј Прилеп); две од Витолиште (А.м. Скопје, 1519, 3840).

Пеонски наоди: по една во Стоби[33]), Кавадарци (Соколовска, Т. V, 106) и Амзабегово во Овчеполе[34]). Илирида: по еден примерок од околината на Охрид (А.м. Скопје, 3490) и Гостивар[35]).

Доцните драхми на Дирахион (229—100) незабележително, но сепак зачестено, кружат во овие краеви. Евидентирани се во околината на Охрид (Музеј Охрид, стара аквизиција); 6 примероци заедно со Аполонија, според Р. Пашиќ, тогашен кустос во тој музеј), во Охрид (лок. „Горна Порта" — Лисичар, 590); во ок. на Битола (Музеј Битола, 1295, 1296; повеќе парчиња се појавувале и во битолската чаршија во последната деценија); по еден примерок од Чепигово (Вучковиќ, 89), Кичево и Скупи-Скопје (А.м. Скопје, 1525, 2050); ок. на Штип (стара аквизиција, Музеј Штип); Т. Велес и околината (Чашка? — 2 примероци. Музеј Т. Велес, 149). Во А.м. Скопје се чуваат и пет парчиња од непознати локалитети (Соколовска, Т. V, 93—97) покрај една Аполонија (200—80 г. ст. е.; Т. V, 92).

Тетрадрахмите на I македонска мерида (158—149) се сосем ретки во нашите наоѓалишта. Најдени се (по еден примерок) во Палчиште кај Тетово (А.м. Скопје, 1523), ок. на Гостивар (в. нап. 35), ок. на Охрид (приватна збирка, Скопје, 1969), Галиште во Мариово (Музеј Т. Велес) и уште три парчиња од непознати места (А.м. Скопје, 1151, 1364, 3513).

---

[33]) Депо од 500 републикански денари и една тетрадрахма (Атина), ископан во 1971 г. под објектот Синагога—Базилика, во доцнохеленистичкиот пласт. — За истото: J. Wiseman—Dj. Mano—Zisi, Excavations at Stobi, 1971, A. J. A. vol. 76, 1972, 410, Pl. 86, 8,9.

[34]) Ископувањата на В. Санев од Штипскиот музеј, на кого му благодарам за податокот.

[35]) Евидентиран во гостиварската чаршија во 1966 и 1967 г., заедно со тетрадрахма на I мак. мерида.

Тетрадрахми од Тасос се исто ретки. По еден примерок доаѓа од Струга (А.м. Скопје, 2202), ок. на Битола (прив. збирка, Битола); Голозинци (Музеј Т. Велес); две парчиња од непознати места (Соколовска, Т. V, 88, 89). Пред I светска војна, во подрачјето на Скопје е ископана една мала остава (Тасос и варварски имитации, најмалку 7 парчиња)[36]).

Од еубејската Хистиеја (169—146), околу 200 тетраоболи беа собрани во една остава, закопана во Град кај Делчево (во А.м. Скопје се откупени само 4 примероци, в. к. 4105). Два други примероци, од непознати локалитети, се чуваат во истиот музеј (Соколовска, Т. V, 98, 99; Преспа?).

На ова сребро, во текот на втората половина од II век се надоврзуваат во значителен број римски денари што сега сосем ги заменуваат грчките ковови. Тогаш се закопани и големите остави во Стоби (в. нап. 33) и Витолиште[37]).

Единечните наоди не се точно евидентирани, меѓутоа се чини дека не се толку ретки (Охрид, Струга, Кичево, Битола, Рапеш, Подмол, Мојно, Мрзен—Ореовец, Дубјани, Водоврати, Банско, Скопје и др.). Уште еднаш, во еден обид, кој останал сосем ограничен и временски и по обемот на емитувањето, се појавиле сребрените тетрадрахми во стилот на старите македонски ковови. Две убави парчиња на квесторот Ae. Силас потекнуваат од Струмица (Музеј Струмица). Инаку до крајот на антиката римското сребро ќе остане како единствениот тип во овие области.

Ситните вредности, бронзите, течат наизглед во континуитетот со претходните векови. Сепак тие се среќаваат на значително поограничен број локалитети и во помало количество. Владетелите Филип V и Персеј се доста ретки, а најчести се автономните емисии — на македонскиот коинон, областите и градовите. Со неколку парчиња застапени се и соседните области Тесалија и Илирида, остатокот се македонски ковови. По бројноста доминира Тесалоника со своите бројни емисии, по неа доаѓаат Амфиполис, Пела, Ботиеја. Меѓутоа овие бронзи се емитуваат претежно низ целиот II и поголем дел од I век ст. е., а едно прецизно распределување на емисиите до средината на II век и во периодот по ова засега е тешко да се изведе.

Следува преглед по областите:

— Дасаретија: Охрид (Персеј, Лихнидос); ок. на Охрид (макед. автон., Лихнидос; — уп. Лисичар, 590, 591).

---

36) S. Noe, op. cit., N. N. M. Nr 78, New York 1937, 302, Nr 1151.

37) Околу 100 денари беа ископани кај Витолиште уште пред четврт век, од кои во почетокот на 1972 г. за А. м. Скопје се откупени 82 парчиња. За економиката на овој рудоносен базен во антиката в. И. Микулчиќ, Старо рударство кај Витолиште, Стремеж бр. 7, г. XIII, Прилеп 1967, 46—54.

— Пелагонија: Живојно (2 лок.: Филип V, Персеј, макед. автон., Ботиеја, Пела, Тесалоника, Амфиполис; макед. автон., Ботиеја); Гермиан (Филип V, Амфиполис); Сливица (Пела); Совик (3 лок.: Персеј, Тесалоника; Персеј, макед. автон., Тес.); Градешница (Персеј, макед. автон., Амфиполис, Пела, Тес.); Рапеш (2 лок.: Ботиеја, Пела, Тес.; Филип V, макед. автон.); Зовик (3 лок.: Филип V; Тес.; макед. авт.); Чебрен (Филип V, Персеј, Амфиполис, Тес.); Чаништа (Ботиеја, Пела); Крушејца (макед. автон., Тес., Пела); Граешница (Филип V, Персеј, Тес.); Црнобуки (Персеј, Ботиеја, макед. автон., Пела, Тес.); Лисолај (Тес.); Драгарино (Пароређа, Тес.); Беранци (3 лок.: Персеј, Амфакситис, Пела, Тес., Ботиеја, Гиртонија, Лариса; Филип V, макед. автон.); Г. Српци (Персеј, Амфакситис, макед. автон., Тес.); Лопатица (Тес.); Граиште (Филип V, Персеј, Ботиеја, Пароређа, макед. автон., Амфиполис, Пела, Тес.); Чепигово (Филип V, Персеј, макед. автон., Пела, Тес., Филипи); Мојно (Филип V, Персеј, Пела, Тес., Амфиполис); Прилепец (2 лок.: Амфиполис, Пела, Тес. и др.); Волково (макед. IV мерис, Пела, Тес.); М. Варош (макед. автон.; за сè ова в. Пелагонија, 64, 65, 81, 83). Кон ова се приклучуваат и наоѓалиштата со неидентификувани монети од предримско време околу Прилеп (Бело Поле, Марул, Никодим, Ореовец, Подмол, Попадија, Фариш, Чумово, Штавица).

— Пеонија: Баратли (макед. автон.); Валандово (Тес., повеќе неидентификувани); Н. Дојран (Тес. и др.); Кованец (макед. автон.); Банско (Персеј, Филип V, макед. автон., Пароређа, Пела, Тес., Филипи, тракиски); Демир Капија (3 лок.: макед. автон., Пела, Тес., Амфиполис); Тремник (макед. автон.); Д. Дисан (макед. автон., Амфиполис, Пела, Тес.); Кавадарци (Филип V, Тес., Пела); Ресава (2 лок.: макед. автон., Тес.); Мрзен—Ореовец (макед. автон., Амфиполис, Пела, Тес.); Дреново (Тес., Лариса и др.); Стоби (Тес., Пела, Амфиполис); Галиште (Филип V, макед. автон., Амфиполис); Манастирец (макед. автон.); Скачинци (Тес.); Дворишта (Птоломеј IV); Стари Град (Амфиполис, Пела); Чашка (Амфиполис, Тес.); Т. Велес (Персеј, макед. автон., Пела, Амфиполис); неидентификувани бронзи од Д. Чичево, Виничани, Водоврати, Згрополци (за сè: А.м. Скопје — в. к. 1243, 2206, 3683—3692, 3706—3716, 3752, 3759, 3783, 3788, 3778, 3942, 4156 и незаведени; Музеј Т. Велес — в. к. 218, 1724, 1362, 1363, 1810, 1830, 2019, 2031, 2135 и незаведени; помал број наоди во прив. збирки).

И, да го завршиме овој предглед со најсеверните наоди: Кратово (макед. автон., Тес.; А.м. Ск., 1542, 1543); Скопје (повеќе лок.: макед. автон., Пела, Амфиполис; Лариса, Тес.; А. м. Ск., 1649, 3504 и Градски музеј, незаведени).

*

* *

Можностите за извлекување на одделни податоци, забележувања или заклучоци се бројни. Тоа го истакнавме во уводниот дел на овој преглед. Меѓутоа, поради ограничениот обем на овој текст тука нема да навлегувам ни во најосновните проблеми. И уште нешто: на ова место не се опфатени некои најнови наоди. Надополнувањата со новите и испуштени стари наоди, логично, ќе бидат пожелни.

*Dr Ivan Mikulčić*

## EIN NEUER DEPOTFUND VON TETRADRACHMEN UND EINE ÜBERSICHT DER MÜNZFUNDE VON V BIS II JH IN MAKEDONIEN

Im Bereich der Sozialistischen Republik Makedonien war bisher nur ein Hortfund von Tetradrachmen aus der Zeit Alexanders des Großen und seiner Nachfolger, bekannt und zwar von Prilepec bei Prilep[3]). Im vorstehenden Beitrag wird auf einen kleinen Hortfund hingewiesen, der bereits 1962 bei Bukri in der Nähe von Bitola entdeckt wurde. Der dritte Depotfund von Münzen der gleichen Herrscher stammt aus Bogdanci bei Gevgelija, dieser ist noch unveröffentlicht.[4])

Alle diese Münzen waren eingegraben worden vor dem großen Zug der Kelten im Jahre 280 vor u. Z.

Im folgenden wird eine zusammenfassende Übersicht über die Münzfunde aus der vorrömischen Zeit in Makedonien gegeben. Man unterscheidet drei Prägeperioden:

I — Von ca. 550 — 359: Seltene Funde von Silber von verschiedenem Wert. (Derrones, Akanthos, Thassos, Neapolis, Athen, Kelenderis, Mendae, Amphipolis, Philippi, Skyros, Korinthos, Larissa, Syracusa; Archelaos, Amyntas III, Perdikas III).

II — 359 — 220: Reiches Vorkommen von Münzen, hauptsächlich von makedonischen Herrschern. Registriert sind 8 einzelne Funde von Goldmünzen und 50 Funde von Silbermünzen. (Philippos II und Alexander III, Lysimachos, Seleukos I).

Selten sind die Münzen päonischer Herrscher sowie der damastinischen Gruppe (Damastion, Pelagia, Sarnoatai).

Bronzemünzen zirkulierten jetzt im täglichen Gebrauch in Pelagonien und Teilen von Päonien und Dassaretien. Nach der Anzahl der Fundorte (über 40) wie auch nach der Menge der Münzen (Bronze und Silber) steht Pelagonien weit vor den anderen Gebieten.

III — 220 — 148: Nach dem großen Zug der Gallier trat eine Stagnation ein. Noch einmal zirkulierte das Silber im 2. Jahrhundert: Die Tetradrachmen aus Athen — Neuer Stil (17 Funde), Stateri aus Dyrrachion (ca. 15 Orte), Tetradrachmen aus Thassos (5 Funde und ein kleiner Hortfund bei Skopje) und die erste makedonische Meris (7 Funde), ein Hortfund von Tetraoboli aus Histieia. Je eine Münze von Philipp V und von Perseius.

Die Bronzenmünzen sind weiter sehr zahlreich, obwohl nicht so sehr wie in der vorhergehenden Periode. Am häufigsten sind die autonomen makedonischen Prägungen der Gebieten und Städten Thessalonica, Amphipolis und Pella.


1.
3.
6.
2.
4.
7.



5.





8



11.



12.
